**ОНЕ БРОКЕР АД СКОПЈЕ**

Финансиски извештаи за годината која завршува на

31 Декември 2022 година

Извештај на независниот ревизор

Скопје, мај 2023

# С О Д Р Ж И Н А


**Извештај на независниот ревизор** 3-4

**Финансиски извештаи**

Извештај за финансиската состојба 5

Извештај за сеопфатната добивка 6

Извештај за промените во капиталот 7

Извештај за паричните текови 8

Белешки кон финансиските извештаи 9

**Прилог 1:** Годишна сметка за 2022 година

РЕВИЗИЈА СТОЈЧЕВСКИ

До Акционерите и Одборот на директори на

ОНЕ БРОКЕР АД СКОПЈЕ

## ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на ОНЕ БРОКЕР АД СКОПЈЕ (Друштвото), кои што го вклучуваат Извештајот за финансиска состојба заклучно со 31 Декември 2022 година, Извештај на сеопфатна добивка, Извештај за промените во главнината и Извештај за паричните текови за годината која завршува тогаш, како и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

*Одговорност на раководството за финансиските извештаи*

Раководството на Друштвото е одговорно за изготвување и објективно презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со сметководствените стандарди кои се прифатени во Република Северна Македонија, и за воспоставување на интерна контрола за која раководството смета дека е релевантна за изготвување и објективно прикажување на финансиските извештаи кои се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка.

*Одговорност на ревизорот*

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи, врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со ревизорските стандарди кои се во примена во Република Северна Македонија. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања, и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки со цел стекнување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањата на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешни прикажувања во финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка.

При овие проценки на ризиците, ревизорот ја зема во предвид интерната контрола релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи на Друштвото за да обликува ревизорски постапки кои што се соодветни во околностите но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на друштвото. Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики направени од страна на менаџментот и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази кои ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

+389 02 3133 999, +389 71 400 368
Октомвриска Револуција 19/3-6, Куманово
Подружница: Васил Ѓорѓов 20/1-7, Скопје
revizijastojcevski@yahoo.com
www.revizijastojchevski.com

До Акционерите и Одборот на директори на

ОНЕ БРОКЕР АД СКОПЈЕ

*Извештај на независниот ревизор (продолжува)*

***Мислење без резерва***

Според нашето мислење, финансиските извештаи ја презентираат реално и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на ОНЕ БРОКЕР АД СКОПЈЕ заклучно со 31 Декември 2022 година, како и неговата финансиска успешност и неговите парични текови за годината која завршува тогаш, во согласност со сметководствените стандарди кои се прифатени во Република Северна Македонија.

***Извештај за други правни и регулативни барања***

Раководството на Друштвото е исто така одговорно за изготвување на годишниот извештај за работењето на Друштвото за 2022 година во согласност со член 384 од Законот за трговски друштва. Наша одговорност е да изразиме мислење за конзистентноста на годишниот извештај, со историските финансиски информации објавени во годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи на Друштвото со состојба на и за годината која завршува на 31 декември 2022, во согласност со ревизорските стандарди прифатени во Република Северна Македонија, како и во согласност со барањата на член 34, став 1, точка (д) од Законот за Ревизија.

Наше мислење е дека, историските финансиски информации објавени во годишниот извештај за работењето на Друштвото со состојба на и за годината што завршува на 31 декември 2022, се конзистентни, во сите материјални аспекти, со информациите објавени во годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи на Друштвото со состојба на и за годината која завршува на 31 декември 2022.

Скопје, 18 мај 2023 година

Ревизија Стојчевски

Надица Стојчевска
Директор

Надица Стојчевска
Овластен ревизор

+389 02 3133 999, +389 71 400 368
Октомвриска Револуција 19/3-6, Куманово
Подружница: Васил Ѓорѓов 20/1-7, Скопје
revizijastojcevski@yahoo.com
www.revizijastojchevski.com

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА
за годината завршена на 31 Декември 2022 и 2021 година
(во 000 МКД)

| | Белешка | 2022 | 2021 |
|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | |
| **НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА** | | | |
| Нематеријални средства | 6 | 27 | 10 |
| Материјални средства | 7 | 314 | 793 |
| ***Вкупно нетековни средства*** | | **341** | **803** |
| **ТЕКОВНИ СРЕДСТВА** | | | |
| Побарувања од купувачи | 8 | 1072 | 562 |
| Други краткорочни побарувања | 9 | 17 | 16 |
| Парични средства | 10 | 272 | 79 |
| ***Вкупно тековни средства*** | | **1361** | **657** |
| ***АВР*** | 11 | **191** | **191** |
| **ВКУПНО АКТИВА** | | **1893** | **1651** |
| **ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ** | | | |
| Основна главнина | | 3073 | 3073 |
| Акумулирана добивка | | 63 | 63 |
| Пренесена загуба | | (2214) | (1981) |
| Загуба за деловната година | | (685) | (233) |
| ***Вкупна главнина и резерви*** | 12 | **237** | **922** |
| **ТЕКОВНИ ОБВРСКИ** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 13 | 688 | 446 |
| Други краткорочни обврски | 15 | 3 | 2 |
| Обврски по заеми и кредити | 14 | 450 | - |
| ***Вкупно тековни обврски*** | | **1141** | **448** |
| ***ПВР*** | 16 | **515** | **281** |
| **ВКУПНО ГЛАВНИНА И ОБВРСКИ** | | **1893** | **1651** |

Белешките кон финансиските извештаи се интегрален дел од финансиските извештаи.

Овие финансиски извештаи се одобрени од Раководството на Друштвото на 3 март 2023 година и потпишани од:

________________________
Иван Стевков
Извршен директор

## ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНА ДОБИВКА

за годината завршена на 31 Декември 2022 и 2021 година
(во 000 МКД)

| | Белешка | 2022 | 2021 |
|---|---|---|---|
| Приходи од продажба | 17 | 3726 | 2983 |
| Останати приходи | 18 | 185 | 141 |
| Трошоци за суровини и материјали | 19 | 91 | 81 |
| Услуги со карактер на материјални трошоци | 20 | 380 | 431 |
| Останати трошоци од работењето | 21 | 2217 | 1462 |
| Амортизација | 6,7 | 5 | - |
| Трошоци на вработените | 22 | 1328 | 1380 |
| Останати расходи од работењето | 23 | 610 | 3 |
| ***Оперативна добивка/(загуба)*** | | **(720)** | **(233)** |
| Финансиски приходи | 24 | 35 | - |
| **Добивка/(загуба) од редовното работење пред оданочување** | | **(685)** | **(233)** |
| Расходи за данок на добивка | | - | - |
| **НЕТО ДОБИВКА/(ЗАГУБА) ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА** | | **(685)** | **(233)** |
| Останата сеопфатна добивка | | - | - |
| **ВКУПНА СЕОПФАТНА ДОБИВКА/(ЗАГУБА) ЗА ГОДИНАТА** | | **(685)** | **(233)** |

Белешките кон финансиските извештаи се интегрален дел од финансиските извештаи.

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИ ВО ГЛАВНИНАТА

за годината која завршува на 31 Декември 2022 и 2021 година
(во 000 МКД)

| | Основна главнина | Акумулирана добивка | Пренесена загуба | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|
| **2022** | | | | |
| Состојба на 1 Јануари 2022 | **3073** | **63** | **(2214)** | **922** |
| Вкупно сеопфатна добивка/(загуба) за 2022 година | - | - | (685) | (685) |
| | | | | |
| ***Состојба на 31 Декември 2022*** | **3073** | **63** | **(2899)** | **237** |

| | Основна главнина | Акумулирана (задржана) добивка | Пренесена загуба | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|
| **2021** | | | | |
| Состојба на 1 Јануари 2021 | 3073 | 63 | (1981) | 1155 |
| Вкупно сеопфатна добивка/(загуба) за 2021 година | - | - | (233) | (233) |
| | | | | |
| ***Состојба на 31 Декември 2021*** | **3073** | **63** | **(2214)** | **922** |

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ

за годината која завршува на 31 Декември 2022 и 2021 година
(во 000 МКД)

| | 2022 | 2021 |
|---|---|---|
| **Парични текови од оперативни активности** | | |
| **Загуба пред оданочување** | **(685)** | **(233)** |
| Усогласување за: | | |
| Амортизација | 5 | - |
| *Оперативен профит пред промена во обртен капитал* | (680) | (233) |
| Побарувања од купувачи | (510) | (92) |
| Останати краткорочни побарувања | (1) | (16) |
| Обврски спрема добавувачи | 242 | 238 |
| Останати краткорочни обврски | 1 | (18) |
| ПВР | 234 | (208) |
| *Парични текови од оперативни активности* | (34) | (96) |
| Приходи од камати | (5) | |
| **Нето парични текови од оперативни активности** | **(719)** | **(329)** |
| **Парични текови од инвестициски активности** | | |
| Набавка на НПО | 457 | - |
| **Нето парични текови од инвестициски активности** | **457** | **-** |
| **Парични текови од финансиски активности** | | |
| Нето обврски по дадени заеми и кредити | 450 | - |
| Примени камати | 5 | - |
| **Нето парични текови од финансиски активности** | **455** | **-** |
| **Нето зголемување (намалување) на пари и парични еквиваленти** | **193** | **(329)** |
| **Пари и парични еквиваленти на почетокот на пресметковниот период** | 79 | 408 |
| **Пари и парични еквиваленти на крајот на пресметковниот период** | 272 | 79 |

# БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

## 1. Основни податоци и дејност

Осигурително брокерско друштво ОНЕ БРОКЕР АД СКОПЈЕ ("Друштвото") е акционерско друштво регистрирано во Република Северна Македонија со ЕМБС 7238541. Адресата на неговото регистрирано седиште е: ул. Франклин Рузвелт бр.35 Скопје-Центар, Република Северна Македонија.

Друштвото е основано на 10.10.2017 година. Акционерската главнина на Друштвото се состои од 500 обични акции со вкупна номинална вредност од 50.000 евра. Номиналната вредност на една обична акција изнесува 100 евра во денарска противвредност сметано според средниот курс на НБРСМ.

Единствени акционери во Друштвото се Иван Стевков кој поседува 250 обични акции (50% од основната главнина) и Панче Киров кој поседува 250 обични акции (50% од основната главнина).

Приоритетна дејност на Друштвото е 66.22- Дејности на застапници во осигурување и осигурителни посредници.

На 31 декември 2022 година просечен број на вработени во Друштвото е 3 вработени (2021: 3 вработени).

## 2. ОСНОВА ЗА СОСТАВУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ

### 2.1. Основа за подготовка на финансиските извештаи

Друштвото финансиските извештаи ги подготвува во согласност со Законот за трговски друштва на Република Северна Македонија (Службен весник на РМ бр. 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18, 120/18, 290/20, 215/21 и 99/22) и прифатените сметководствени стандарди во Република Северна Македонија кои се објавени во Правилникот за водење сметководство (Службен Весник 159/09, 164/10, 107/11 и 60/14).

Финансиските извештаи се подготвени со состојба на и за годините кои завршуваат на 31 Декември 2022 година и 31 Декември 2021 година.
Финансиските извештаи се подготвени според методот на набавна вредност, како основа за мерење, освен за финансиските средства расположливи за продажба, и финансиските средства и обврски (вклучувајќи и деривативни инструменти), доколку постојат, кои се мерат по објективната вредност. Основите за нивно мерење се детално опишани во продолжение.

Денарот претставува функционална и известувачка валута во Република Северна Македонија.

Тековните податоци прикажани во овие финансиските извештаи се изразени во илјада македонски денари (000 МКД), освен ако не е поинаку наведено.
Приложените финансиски извештаи претставуваат единечни финансиски извештаи на Друштвото.

## 2.2. Користење на проценки и расудувања

Изготвувањето на финансиските извештаи бара од Друштвото да прави расудувања, проценки и претпоставки кои влијаат на примената на политиките и прикажаните износи на средствата и обврските, приходите и расходите. Проценките и со нив поврзаните претпоставки се засноваат на минато искуство и различни други фактори за кои се смета дека се разумни земајќи ги предвид околностите и претставуваат основа за искажување на сметководствената вредност на средствата и обврските, чија вредност не може да се утврди на друг начин. Реалните состојби може да се разликуваат од овие проценки. Проценките и претпоставките постојано се прегледуваат. Измените на сметководствените проценки се признаваат во периодот во кој е извршена измена на проценката, доколку измената влијае само на тој период или се признаваат и во идните периоди доколку измената влијае и на идните периоди.

## 2.3. Континуитет во работењето

Финансиските извештаи се изготвени врз основа на претпоставката за континуитет во работењето, односно дека Друштвото ќе продолжи да работи во догледна иднина. Друштвото нема намера, ниту пак потреба да го ликвидира или материјално да го ограничи опсегот на своето постоење.

## 2.4. Трансакции во странски валути

Трансакциите деноминирани во странска валута се искажани во Македонски Денари со примена на официјалниот среден девизен курс на денот на трансакцијата. Средствата и обврските деноминирани во странска валута се искажани во Македонски Денари ("МКД") по официјалниот среден курс на Народна Банка на Република Северна Македонија на последниот ден од пресметковниот период. Сите добивки и загуби кои произлегуваат од курсните разлики прикажани се во Извештајот за сеопфатната добивка како финансиски приходи или расходи за пресметковниот период. Средните девизни курсеви применети за прикажување на позициите во Извештајот за финансиската состојба деноминирани во странска валута се следните:

| | 2022 | 2021 |
|---|---|---|
| EUR | 61, 4932 | 61, 6270 |

## 2.5. Споредбени показатели

Финансиските извештаи за 2021 се ревидирани и истите претставуваат споредбени показатели во овие финансиски извештаи.

## 3. ОСНОВНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

Основните сметководствени политики и проценки користени при составувањето на овие финансиски извештаи се дадени подолу. Сметководствените политики се користат конзистентно во текот на разгледуваниот период.

### 3.1. Признавање на приходи и расходи

Приходите се признаваат доколку е веројатно дека идните економски користи ќе бидат прилив за Друштвото и доколку овие користи можат веродостојно да се измерат. Приходите се мерат според објективна вредност на примениот надомест, односно надоместот што треба да се прими за продадените производи и стоки, односно обезбеденит услуги, нето од данокот на додадена вредност и евентуално одобрените продажни попусти.

*Приходи од продажба на трговски стоки*

Приходи од продажба на трговски стоки се признава во моментот на испорака до корисникот, кога корисникот ги прифаќа стоките, а наплатливоста на поврзаните побарувања е разумно обезбедена.

*Приходи од обезбедување на услуги*

Приходите од обезбедување на услуги се евидентираат според степенот на завршување, кога истите можат со сигурност да бидат измерени. Степенот на завршување се одредува врз основа на проверка на извршената работа.

*Расходи од деловното работење*

Расходите од деловното работење се признаваат во моментот на искористувањето на услугите односно во периодот на нивно настанување.

*Трошоци за позајмици*

Трошоците за позајмици се признаваат како трошок на пресметковна основа. Трошоците за позајмици кои директно се однесуваат на набавки, конструкции или производство на средства кои се квалификуваат се капитализираат додека средството е во подготовка, односно до ставање во употреба. По ставање во употреба на средствата, трошоците за позајмици се признаваат во периодот кога настануваат и се искажани како финансиски расходи.

### 3.2. Приходи од финансирање

Приходите од финансирање кои се пресметани до датата на билансот на состојба, се искажуваат како приходи во годината на која се однесуваат, независно дали се

наплатени. Тие се состојат од приходи од камати и курни разлики. Каматите се признаваат на пресметковна основа за периодот за кои се однесуваат.

### 3.3. Расходи од финансирање

Расходите од финансирање кои се пресметани до датата на билансот на состојба, се искажуваат како расходи во годината на која се однесуваат, независно дали се платени. Тие се состојат од расходи од камати, провизии и курсни разлики. Каматите се признаваат како расходи согласно на временскиот период за кој се однесуваат.

### 3.4. Пребивање на приходите и расходите

Во текот на своето редовно работење, Друштвото учествува во други трансакции кои не генерираат приходи, туку се инцидентни во однос на главните активности кои генерираат приходи. Друштвото ги презентира резулатите од таквите трансакции преку пребивање на секој приход со соодветните расходи кои произлегуваат од истата трансакција, кога ова презентирање ја одразува суштината на трансакциите или настаните.

### 3.5. Наем

Друштвото признава постоење на договор за наем врз основа на суштината на договорот во зависност од тоа дали исполнувањето на договорот зависи од употребата на специфичното средство или средства или договорот пренесува право за употреба на средството.
Исплатите на оперативен наем се признаваат како трошок на правопропорционална основа во текот на наем периодот. Поврзаните трошоци како што се трошоци за одржување и осигурување се признаваат во периодот на нивното настанување.

### 3.6. Курсни разлики

Трансакциите деноминирани во странски валути се искажани во денари со примена на официјалните курсеви на Народна Банка на Република Северна Македонија кои важат на денот на нивното настанување. Средствата и обврските кои гласат во странски валути се искажани во денари со примена на официјалните курсеви кои важат на денот на составувањето на Извештај за финансиска состојба, додека пак сите позитивни и негативни курсни разлики кои произлегуваат од претворањето на износите во странска валута, се вклучени во Извештајот за сеопфатна добивка во периодот кога тие настануваат.

### 3.7. Тековен и одложен данок на добивка

Тековен данок на добивка, по стапка од 10% се пресметува на добивката за годината која е определена како разлика помеѓу вкупните приходи и вкупните расходи за периодот, зголемен за непризнаените расходи за даночни цели корегирани за даночниот кредит и на помалку искажаните приходи.

Даночната основа се намалува за износот на приходите од дивиденди остварени со учество во капиталот на друг обврзник - резидент на Република Северна Македонија, под услов да се оданочени кај обврзникот кој врши исплата на дивиденда.

Одложениот данок на добивка се евидентира во целост, користејќи ја методата на обврска, за времените разлики кои се јавуваат помеѓу даночната основа на средствата и обврските и износите по кои истите се евидентирани за целите на финансиското известување. При утврдување на одложениот даночен расход се користат тековните важечки даночни стапки. Одложениот даночен расход се задолжува или одобрува во Извештајот за сеопфатната добивка, освен доколку се однесува на ставки кои директно го задолжуваат или одобруваат капиталот, во кој случај одложениот данок се евидентира исто така во капиталот. Одложените даночни средства се признаваат во обем во кој постои веројатност за искористување на времените разлики наспроти идната расположлива оданочива добивка.

Со состојба на 31 декември 2022 година, Друштвото нема евидентирано одложени даночни средства или обврски, бидејќи не постојат временски разлики на овие датуми.

### 3.8. Недвижности и опрема

*Општа објава*

Недвижностите и опремата почетно се евидентираат по нивната набавна вредност, намалена за вкупниот износ на амортизација и вкупниот износ на загуба поради обезвреднување. Набавната вредност ја чини фактурната вредност на набавените средства зголемена за сите трошоци настанати до нивното ставање во употреба.

*Последователни издатоци*

Издатоците направени за замена на дел од материјалните средства се евидентираат одделно и се капитализираат само доколку се веројатни идните економски користи што ќе претставуваат приливи на Друштвото. Сите други издатоци се признаваат како расход во Извештајот за сеопфатна добивка во момент на настанување

Трошоците за тековно и инвестиционо одржување се евидентираат на товар на расходите во моментот на нивното настанување. Издатоците кои се однесуваат на реконструкции и подобрувања, кои го менуваат капацитетот или корисниот век на употреба на недвижностите и опремата, се додаваат на набавната вредност на тие средства. Позитивната, односно негативната разлика настаната при продажба на недвижностите и опремата се книжи како капитална добивка или загуба и се искажува во рамките на останатите приходи, односно расходи.

*Амортизација*

Амортизацијата на недвижностите и опремата претставува системска распределба на амортизирачкиот износ за време на корисниот век на употреба на средството.

Недвижностите и опремата се амортизираат поединечно, се до нивниот целосен отпис. Земјиштето и инвестициите во тек не се амортизираат.

Употребените годишни стапки на амортизација што се користат за одредени недвижности, опрема и нематеријални средства се следните:

| | 2022-2021 |
|---|---|
| Градежни објекти | 2,5% |
| Опрема | 10% |
| Мебел | 20% |
| Транспортни средства | 25% |

### 3.9. Учество во заеднички вложувања

Финансиските извештаи на друштвата (заеднички вложувања) чија финансиска и деловна политика е контролирана заеднички од Друштвото и други друштва независни од Друштвото, во финансиските извештаи се евидентираат според методот на набавна вредност. Заедничката контрола се остварува кога финансиските и деловни политики на заедничките вложувања бараат едногласна согласност од страните кои ја делат контролата.

### 3.10. Оштетување на нефинансиските средства

Недвижностите и опремата се ревидираат од можни оштетувања секогаш кога одредени настани и промени укажуваат дека евидентираниот износ на средствата не може да се надомести. Секогаш кога евидентираниот износ на средствата го надминува нивниот надоместлив износ, се признава загуба од оштетување. Надоместливиот износ претставува повисок износ помеѓу нето продажната цена и употребната вредност на средствата. Нето продажната цена е износ кој се добива од продажба на средство во трансакција помеѓу добро известени субјекти, додека употребната вредност е сегашната вредност на проценетите идни готовински приливи што се очекува да произлезат од континуираната употреба на средствата и од нивното отуѓување на крајот на употребениот век. Надоместливите износи се проценуваат за поединечни средства или, ако е тоа можно, за целата група на средства која генерира готовина.

### 3.11. Залихи

Залихите се искажуваат според пониската од набавната вредност, односно цената на чинење и нето продажната вредност. Набавната вредност ги вклучува сите трошоци за доведување на залихите во нивна сегашна состојба. Нето продажната вредност претставува продажна вредност во секојдневниот тек на работа, намалена за трошоците за комплетирање, маркетинг и дистрибуција. Потрошените залихи се евидентираат според принципот на просечни цени и ги вклучуваат трошоците настанати за нивна набавка и доведување со постојната состојба и локација.

### 3.12. Финансиски средства

Друштвото ги класифицира своите финансиски средства во следните категории: по објективна вредност преку добивки или загуби, финансиски средства кои се чуваат до доспевање, кредити и побарувања и финансиски средства расположливи за продажба. Класификацијата зависи од целта за која средствата биле набавени. Раководството ја определува класификацијата на финансиските средства при почетното признавање.

*Кредити и побарувања*

Кредитите и побарувањата се не-деривативни финансиски средства со фиксни или детерминирани плаќања кои не котираат на активен пазар. Тие се вклучени во тековните средства, освен за оние кои доспеваат во период подолг од 12 месеци од датумот на Извештајот за финансиската состојба. Кредитите се признаваат кога готовината се авансира на позајмувачите. Кредитите и побарувањата се евидентираат по амортизациона вредност со примена на метода на ефективна каматна стапка. Кредитите и побарувањата на Друштвото на датумот на Извештајот за финансиската состојба се состојат од побарувања од купувачи и останати побарувања, депозити, како и парични средства и еквиваленти.

*Финансиски средства по објективна вредност преку добивки или загуби*

Финансиските средства по објективна вредност преку добивки или загуби се финансиски средства наменети за тргување. Едно финансиско средство се класифицира како средство наменето за тргување доколку се стекнува со цел генерирање на добивка од краткорочни флуктации во цената или доколку е вклучено во портфолиото за кое постои краткороќен фактички облик на остварување на добивка. Друштвото нема средства класифицирани во оваа категорија на денот на Извештајот на финансиска состојба.

*Финансиски средства расположливи за продажба*

Финансиски средства расположливи за продажба се недеривативни финансиски средства кои се креирани во оваа категорија или пак не се класифицирани во било која од останатите категории. Финансиски средства расположливи за продажба се оние наменети за чување на неодреден временски период, кои може да се продадат доколку се појави потреба за ликвидност или промени во каматните стапки, девизните курсеви или цените на акциите. Друштвото има финансиски средства класифицирани во оваа категорија на денот на Извештајот на финансиска состојба и се состојат од вложувања во акции.

*Финансиски средства кои се чуваат до доспевање*

Финансиските средства кои се чуваат до доспевање се недеривативни финансиски средства со фиксни или утврдливи плаќања, фиксни датуми на доспевање за наплата и за кои Раководството на Друштвото има позитивна намера и способност да ги чува до нивното доспевање. Доколку Друштвото продаде значаен износ на финансиските средства кои се чуваат до доспевање пред нивното доспевање, целата категорија на

овие средства се рекласифицира во финансиски средства расположливи за продажба. Друштвото нема средства класифицирани во оваа категорија на денот на Извештајот на финансиска состојба.

*Признавање и мерење на финансиските средства*

Набавките и продажбите на финансиските средства се евидентираат на датумот на трансакцијата - датумот на кој што Друштвото има обврска да го купи или продаде средството. Финансиските средства престануваат да се признаваат по истекот на правата за примање на паричните текови од финансиските средства или по нивното пренесување, а Друштвото ги пренело значително сите ризици и користи од сопственоста. Кредитите и побарувањата се признаваат кога готовината се авансира на позајмувачите.
Сите финансиски средства кои не се признаваат според објективна вредност преку добивки и загуби почетно се признаваат по нивната објективна вредност зголемена за трошоците на трансакциите.

*Последователно мерење*

По почетното признавање, Друштвото ги мери финансиските средства по објективна вредност преку добивка и загуба, и расположливите за продажба финансиски средства по нивната објективна вредност без било какви намалувања на трансакционите трошоци кои може да настанат при нивната продажба.

Објективната вредност на финансиските средства кои котираат на активниот пазар се базира на нивната куповна цена на денот на Извештајот за финансиска состојба. Доколку пазарот на кој котира финансиското средство не е активен, Друштвото ја утврдува објективната вредност на средството со примена на техники за вреднување.

Техниките за вреднување вклучуваат употреба на нормални комерцијални трансакции помеѓу запознаени, подготвени страни, ако се достапни, референца на тековната објективна вредност на друг инструмент кој е во суштина ист, анализа на дисконтирани парични текови и алтернативни модели на одредување на цената. Доколку вредноста на сопственичките инструменти не може соодветно да се измери, тие се мерат по набавна вредност.

Вложувањата чувани до доспевање и кредитите и побарувањата се мерат по амортизирана набавна вредност со употреба на методот на ефективна камата намалени за евентуалните загуби поради оштетување.

Реализираните добивки и загуби како и нереализираните добивки и загуби кои произлегуваат со промените на објективната вредност на финансиските средства, кои се определени како средства по објективна вредност преку добивки и загуби, се вклучуваат во добивките и загубите во периодот во кој настануваат. Нето промените во

објективната вредност на финансиските средства класифицирани како средства по објективна вредност преку добивките и загубите го вклучуваат и приходот од камата.

Нереализираните добивки и загуби кои произлегуваат од промените на објективната вредност на средствата расположливи за продажба се признаваат во сеопфатната добивка, освен загубите од оштетување и добивките и загубите од курни разлики на монетарните ставки како што се должничките хартии од вредност, кои се признаваат во добивките и загубите. При продажба или оштетување на финансиските средства расположливи за продажба, кумулативните добивки и загуби кои претходно биле признаени во сеофатна добивка се признаваат во добивките и загубите. Во случај кога финансиските средства расположливи за продажба носат камата, каматата пресметана со методот на ефективна камата се признава во добивките и загубите.

*Оштетување на финансиски средства*

*Средства евидентирани по амортизирана набавна вредност*

На секој датум на Извештајот за финансиска состојба, Друштвото проценува дали постои објективен доказ за оштетување на едно финансиско средство или група на финансиски средства. Финансиското средство или групата на финансиски средства, се оштетени, и загуба поради оштетување се евидентира само ако постои објективен доказ за оштетување како резултат на еден или повеќе настани кои се случиле по првичното признавање на средствата и дека настанот има влијание на очекуваните идни парични текови на финансиското средство или групата на финансиски средства кои можат веродостојно да се проценат.

Износот на загубата претставува разлика помеѓу евидентираниот износ на средството и сегашната вредност на проценетите идни парични текови (исклучувајќи ги идните загуби по основа на кредитот), дисконтирани со примена на изворната ефективна каматна стапка на финансиското средство. Побарувањата со краткорочно доспевање не се дисконтираат. Евидентираниот износ на средството се намалува преку употребата на сметка за резервирање поради оштетување, со истовремено признавање на соодветниот расход поради оштетување во тековните добивки и загуби.

*Средства евидентирани по објективна вредност*

На секој датум на Извештајот за финансиска состојба, Друштвото проценува дали постои објективен доказ за оштетување на едно финансиско средство или група на финансиски средства. Значително или пролонгирано опаѓање на објективната вредност на финансиското средство под неговата набавна вредност претставува објективен доказ при утврдувањето на можноста од оштетување. Доколку постои таков доказ за финансиските средства расположливи за продажба, кумулативната загуба-измерена како разлика меѓу набавната вредност и тековната објективна вредност се признава во тековните добивки и загуби. Доколку во последователен период, објективната вредност на должнички инструмент класифициран како расположлив за продажба се зголеми, а зголемувањето може објективно да се поврзе со настан кој се јавува по признавањето

на загубата поради оштетување во тековните добивки и загуби, загубата поради оштетување се намалува преку тековните добивки или загуби. Кај сопственичките финансиски средства расположливи за продажба, анулирањето на оштетувањето не се евидентира преку добивки и загуби и секое последователно зголемување на објективната вредност се признава како останата сеопфатна добивка.

## 3.13. Побарувања од купувачи и останати побарувања

Побарувањата од купувачи иницијално се признаваат по нивната објективна вредност и последователно се измерени според нивната амортизирана набавна вредност со употреба на методот на ефективна каматна стапка, нето од резервирањето поради оштетување. Резервирање поради оштетување се пресметува кога постои објективен доказ дека Друштвото нема да може да ги наплати сите побарувања и позајмици според нивните оригинални услови на побарувања.

Значителни финансиски потешкотии на должникот, веројатноста за стечај или финансиско реорганизирање како и пролонгирање или неможност за плаќање се индикатори дека побарувањата од купувачи се оштетени. Износот на резервирањето претставува разлика помеѓу евидентираниот износ на средството и сегашната вредност на преценетите идни парични текови дисконтирани со примена на изворната ефективна каматна стапка на финансиското средство. Средствата со краткорочно доспевање не се дисконтираат.

Евидентираниот износ на средството се намалува преку употреба на сметка за резервирање поради оштетување, со истовремено признавање на соодветниот расход поради оштетување во тековниот Извештај за сеопфатна добивка. Во случај на ненаплатливост на побарувањето истото се отпишува наспроти неговото резервирање. Последователните наплати од претходно отпишаните износи се признаваат како тековни добивки во Извештајот за сеопфатна добивка.

## 3.14. Парични средства и парични еквиваленти

Паричните средства и еквиваленти вклучуваат средства депонирани во банки во денари и во странска валута, како и готовина во благајна, кои може брзо да се конвертираат во познат износ на пари и се подложени на незначителен ризик од промена на нивната вредност.

## 3.15. Главнина и резерви

*Акционерски капитал*
Акционерскиот капитал се состои од обични акции. Акционерскиот капитал ја претставува номиналната вредност на емитираните акции.
*Законски резерви*
Законските резерви се формираат од остварената добивка врз основа на законските одредби и со распоред на ревалоризационите резерви, а можат да се употребат за покривање на загубата. Согласно законските одредби, Друштвото е должно да издвои

од добивката за тековната година, минимум 5% за законски резерви, се додека резервите не достигнат 10% од основната главнина на Друштвото. Доколку износот на оваа резерва не надминува 10% од вредноста на основната главнина, истата може да биде употребена само за покривање на загуби. Доколку резервата надмине 10% од капиталот на Друштвото, може да биде употребена за исплата на дивиденди со претходна одлука на акционерите.

*Ревалоризациона резерва*

Ревалоризациона резерва се формира врз основа на извршената годишна ревалоризација. Во согласност со законските прописи, салдото на ревалоризационата резерва по годишната пресметка се евидентира во рамките на капиталот. Оваа резерва не е предмет на распределба.

### 3.16. Финансиски обврски

Финансиските обврски се класифицираат во согласност со суштината на договорниот аранжман. Финансиските обврски по амортизирана набавна вредност се состојат од обврски кон добавувачи и останати обврски, како и обврски за кредити.

*Обврски кон добавувачи и останати обврски*

Обврските кон добавувачи се евидентирани по нивната објективна вредност и последователно се измерени според нивната амортизирана набавна вредност со употреба на методот на ефективна каматна стапка. Обврските спрема добавувачи се депризнаваат во моментот кога се измирени, откажани или истечени.

*Обврски за кредити*

Обврските за кредити иницијално се евидентирани според нивната објективна вредност, намалена за трошоците на трансакција. Последователно, обврските за кредити се евидентираат според нивната амортизирана набавна вредност со користење на методот на ефективна камата. Обврските за кредити се класифицирани како тековни обврски, освен доколку Друштвото има неусловено право за подмирување на обврската за не помалку од 12 месеци од датумот на Извештајот за финансиска состојба. Обврските за кредити се депризнаваат во моментот кога се измирени, откажани или истечени.

### 3.17. Користи на вработените

Користи на вработените се сите форми на надоместок кој го дава Друштвото во размена за извршената услуга од страна на вработените.

*Краткорочни користи за вработените*

Краткорочни користи на вработените се користи кои доспеваат за плаќање во рамките на дванаесет месеци по крајот на периодот во кој вработените ја извршиле услугата. Тука спаѓаат платите и придонесите за социјално осигурување и краткорочно платени отсуства. Сите краткорочни користи за вработените се признаваат како расход и обврска во висина на недисконтираниот износ на користите.

*Користи по престанок на вработувањето*

Друштвото врши уплата на придонесите за пензиско и инвалидско осигурување на вработените во согласност со домашната законска регулатива. Придонесите засновани на платите на вработените, се уплатуваат во Националниот Фонд.

*Придонеси за пензиско осигурување*

Друштвото има пензиски планови согласно домашната регулатива за социјално осигурување според која плаќа придонеси за пензиско осигурување на своите вработени. Придонесите, врз основа на платите, се плаќаат во првиот и вториот пензиски столб кои се одговорни за исплата на пензиите. Не постојат дополнителни обврски во врска со овие пензиски планови.

### 3.18. Резервации

Резервации (резерви за обврски) се признаваат кога Друштвото има сегашна обврска (правна или изведена) како резултат на минат настан, кога е веројатно дека ќе настанат идни одливи на средства по тој основ и кога е можно да се процени износот на обврската. Кога се очекува надоместување на дел од ваква обврска во иднина, пример преку договори за осигурување, надоместувањето се признава како посебно средство но само кога е извесно дека ќе биде примено истото. Расходот за било која резервација се признава во билансот на успех намалено за износот на надоместувањето. Ако ефектот од временската димензија на парите е значаен, резервациите се дисконтираат на нивната сегашна вредност со примена на стапки пред оданочување кои ги одразуваат тековните пазарни проценки.

### 3.19. Неизвесности

Неизвесна обврска е можна обврска која произлегува од минати настани, чие постоење ќе биде потврдено со случување или неслучување на еден или повеќе неизвесни идни настани, кои не се во целост под контрола на Друштвото. Неизвесни обврски не се признаваат во финансиските извештаи, туку само се обелоденуваат. Неизвесни средства се можни средства кои произлегуваат од минати настани, чие постоење ќе биде потврдено со случување или неслучување на еден или повеќе неизвесни идни настани, кои не се во целост под контрола на Друштвото. Неизвесни средства се признаваат само кога е веројатен приливот на економски користи.

### 3.20. Настани по датумот на известување

Настаните по датумот на известување кои обезбедуваат дополнителни информации во врска со состојбата на Друштвото на денот на Извештајот за финансиската состојба (настани за кои може да се врши корігирање) се рефлектирани во финансиските извештаи. Оние настани по датумот на известување кои немаат карактер на корективни настани се објавуваат во соодветна белешка доколку истите се материјално значајни.

## 4. ФИНАНСИСКИ РИЗИЦИ И УПРАВУВАЊЕ СО ИСТИТЕ

Управувањето со ризиците на Друштвото опфаќа идентификување, следење, мерење и нивно управување. Поради тоа Друштвото има воспоставен режим за управување со ризиците на кои е изложено, соодветно на природата, големината и сложеноста на активностите кои ги врши. Управувањето со ризици на Друштвото го врши Одборот на директори врз основа на претходно одобрени политики и процедури.

Главните ризици на кои Друштвото е изложено и политиките за управување со нив се следните:

### 4.1. Пазарен ризик

Пазарен ризик е ризик од промени во пазарни цени, курсевите на странските валути и каматните стапки кои имаат влијае на приходите на Друштвото или на вредноста на финансиските инструменти. Целта на управувањето со пазарниот ризик е управување и контрола на изложеноста на пазарен ризик во прифатливи рамки и оптимизирање на повратот на средствата.

*Ризик од промени на курсевите*

Друштвото во своето работење не стапува во меѓународни трансакции. Поради тоа, Друштвото не е изложено на ризик поврзан со можните флуктации на курсевите на странските валути.

Ризик од промени на цените

Друштвото не е изложено на ризик од промена на пазарните цени на вложувањата расположливи за продажба затоа што не поседува вложувања расположливи за продажба.

### 4.2. Кредитен ризик

Кредитен ризик е ризик од финансиска загуба на Друштвото доколку корисникот или договорната страна на финасискиот инструмент не успее да ги исполни своите договорни обврски. Кредитниот ризик настанува од побарувања од купувачи, кредити дадени на комитенти, депозити во банки и парични средства и парични еквиваленти. Побарувањата од купувачи вклучуваат побарувања од поголем број купувачи со умерени салда, што претставува спроведување на политиката на дисперзија на побарувања на поголем број купувачи со цел да се избегне зависноста од мал број на купувачи.

### 4.3. Каматен ризик

Друштвото е изложено на ефектите на флуктуациите на пазарните каматни стапки кои влијаат на неговата финансиска состојба и готовински текови. Раководството на

Друштвото е во најголема мерка одговорно за дневно следење на состојбата на ризикот од нето каматни стапки и одредува лимити за намалување на потенцијалот од каматна неусогласеност. Друштвото управува со овој ризик преку одржување на соодветен однос помеѓу некаматоносните извори на финансирање и изворите на финансирање со променливи каматни стапки.

### 4.4. Ликвидносен ризик

Внимателно управување со ризик од ликвидност имплицира одржување на доволно готовина и расположливост на извори на средства преку соодветно обезбедување на кредити и можност за навремена наплата на износите на побарувања од купувачи во рамките на договорените услови. Друштвото нема ликвидносни проблеми во работењето затоа што води политика на навремено обезбедување на потребните парични средства за плаќање на доспеаните обврски.

### 4.5. Даночен ризик

Согласно законските прописи во РСМ, финансиските извештаи и сметководствените евиденции на Друштвото подлежат на контрола од страна на даночните власти по поднесувањето на даночните извештаи за годината. Според тоа, постои даночен ризик за пресметка на дополнителни даноци во случај на идна контрола од страна на даночните власти. Раководството на Друштвото нема сознанија за околности кои би можеле да доведат до значајни материјални даночни обврски, освен оние евидентирани во финансиските извештаи.

## 5. Утврдување на објективна вредност

Објективна вредност претставува вредност за која едно средство може да биде заменето или некоја обврска подмирена под нормални комерцијални услови. Објективната вредност се одредува врз основа на претпоставка на Раководството, зависно од видот на средството или обврската.

### 5.1. Финансиски инструменти евидентирани по објективна вредност

Релевантните сметководствени политики применети од страна на Друштвото бараат финансиските средства измерени според објективната вредност во Извештајот за финансиската состојба да бидат прикажани во согласност со хиерархијата на објективната вредност како во следната табела. Оваа хиерархија ги групира финансиски средства и обврски во три нивоа кои се базираат на значајноста на влезните податоци користени при мерењето на објективната вредност на финансиските средства. Хиерархијата според објективната вредност е одредена како што следи:

- **Ниво 1:** котирани цени (некорегирани) на активните пазари за идентични средства или обврски;

- **Ниво 2:** останати влезни податоци, покрај котираните цени, вклучени во Ниво 1 кои се достапни за набљудување за средството или обврската, или директно (т.е. како цени) или индиректно (т.е. изведени од цени); и
- **Ниво 3:** влезни податоци за средството или обврската кои не се базираат на податоци достапни за набљудување од пазарот.

Со состојба на 31 декември 2022 година Друштвото нема финансиски средства евидентирани според објективна вредност.

## 6. НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА

Нематеријалните средства се состојат од следново (во 000 денари):

| 2022 | Софтвер и останати права | Вкупно |
|---|---|---|
| Набавна вредност | | |
| Салдо на 1 Јануари 2022 | 13 | 13 |
| Нови набавки во годината | 17 | 17 |
| Салдо на 31 Декември 2022 | 30 | 30 |
| Исправка на вредноста | | |
| Салдо на 1 Јануари 2022 | 3 | 3 |
| Амортизација за 2022 | - | - |
| Салдо на 31 Декември 2022 | 3 | 3 |
| **Нето сметководствена вредност на 1 Јануари 2022** | **10** | **10** |
| **Нето сметководствена вредност на 31 Декември 2022** | **27** | **27** |

## 7. МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА

Материјалните средства се состојат од следново (во 000 денари):

| 2022 | Постројки и опрема | Алат, погонски, канцелариски инвентар | Транспортни средства | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| Набавна вредност | | | | |
| Салдо на 1 Јануари 2022 | 356 | 13 | 528 | 897 |
| Нови набавки во годината | - | 10 | - | 10 |
| Отуѓени основни средства | - | - | (528) | (528) |
| Салдо на 31 Декември 2022 | 356 | 23 | - | 379 |
| Исправка на вредноста | | | | |
| Салдо на 1 Јануари 2022 | 48 | 18 | 38 | 104 |
| Намалување на исправка на вредноста | (6) | - | (38) | (44) |
| Амортизација за 2022 | - | 5 | - | 5 |
| Салдо на 31 Декември 2022 | 42 | 23 | - | 65 |
| **Нето сметководствена вредност на 1 Јануари 2022** | **308** | **(5)** | **490** | **793** |
| **Нето сметководствена вредност на 31 Декември 2022** | **314** | **-** | **-** | **314** |

## 8. ПОБАРУВАЊА ОД КУПУВАЧИ

Побарувањата од купувачи се состојат од следново (во 000 денари):

| | 31 Декември 2022 | 31 Декември 2021 |
|---|---|---|
| Побарувања од купувачи во земјата | 1072 | 562 |
| ***Вкупно побарувања од купувачи*** | **1072** | **562** |

## 9. ДРУГИ КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊА

Другите краткорочни побарувања се состојат од следново (во 000 денари):

| | 31 Декември 2022 | 31 Декември 2021 |
|---|---|---|
| Побарувања за повеќе платен данок на добивка | 17 | 16 |
| ***Вкупно други краткорочни побарувања*** | **17** | **16** |

## 10. ПАРИЧНИ СРЕДСТВА

Паричните средства се состојат од следново (во 000 денари):

| | 31 Декември 2022 | 31 Декември 2021 |
|---|---|---|
| Парични средства на денарски сметки | 259 | 60 |
| Парични средства - благајна | 13 | 19 |
| ***Вкупно парични средства*** | **272** | **79** |

## 11. ПЛАТЕНИ ТРОШОЦИ ЗА ИДНИ ПЕРИОДИ И ПРЕСМЕТАНИ ПРИХОДИ (АВР)

| | 31 Декември 2022 | 31 Декември 2021 |
|---|---|---|
| Пресметани приходи | 191 | 191 |
| ***Вкупно АВР*** | **191** | **191** |

## 12. ГЛАВНИНА

На 31 декември 2022 година, регистрираниот основачки капитал на Друштвото изнесува 3.073 илјади денари. Структурата на акционерскиот капитал на датумот на известување е како што следи:

| | *Удел (акции)* | *% на сопственост* |
|---|---|---|
| Иван Стевков | 250 | 50% |
| Панче Киров | 250 | 50% |
| **Состојба на 31 декември 2022** | **500** | **100%** |

| | *Удел (акции)* | *% на сопственост* |
|---|---|---|
| Александар Гиновски | 45 | 9% |
| Горан Дамчески | 370 | 74% |
| Мартин Стошиќ | 40 | 8% |
| Тихомир Несторовски | 45 | 9% |
| **Состојба на 31 декември 2021** | **500** | **100%** |

Усогласувањето и движењето на главнината е дадено во Извештајот за промените во главнината за годината која што завршува на 31 Декември 2022 и 2021 година на страна 7.

## 13. КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ СПРЕМА ДОБАВУВАЧИ

Краткорочните обврски спрема добавувачи се состојат од следново (во 000 денари):

| | 31 Декември 2022 | 31 Декември 2021 |
|---|---|---|
| Обврски спрема добавувачи во земјата | 688 | 446 |
| ***Вкупно краткорочни обврски спрема добавувачи*** | **688** | **446** |

## 14. КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ ПО ЗАЕМИ И КРЕДИТИ

Краткорочните обврски по заеми и кредити се состојат од следново (во 000 денари):

| | 31 Декември 2022 | 31 Декември 2021 |
|---|---|---|
| Обврски по заеми и кредити | 450 | - |
| ***Вкупно обврски по краткорочни кредити*** | **450** | **-** |

Краткорочните обврски по заеми и кредити се однесуваат на земен заем од физички лица и тоа од Петко Стоилов (во вкупен износ од 200 илјади МКД), и Јосип Павловски (во вкупен износ од 250 илјади МКД).

## 15. ДРУГИ КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ

Другите краткорочни обврски се состојат од следново (во 000 денари):

| | 31 Декември 2022 | 31 Декември 2021 |
|---|---|---|
| Обврски спрема вработените | 3 | 2 |
| ***Вкупно други краткорочни обврски*** | **3** | **2** |

## 16. ОДЛОЖЕНО ПЛАЌАЊЕ НА ТРОШОЦИ И ПРИХОДИ ВО ИДНИТЕ ПЕРИОДИ (ПВР)

| | 31 Декември 2022 | 31 Декември 2021 |
|---|---|---|
| Пасивни временски разграничувања | 515 | 281 |
| ***Вкупно ПВР*** | **515** | **281** |

## 17. ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА

Приходите од продажба се состојат од следново (во 000 денари):

| | 31 Декември 2022 | 31 Декември 2021 |
|---|---|---|
| Приходи од продажба на услуги во земјата-брокеража | 3726 | 2983 |
| ***Вкупно приходи од продажба*** | **3726** | **2983** |

## 18. ОСТАНАТИ ПРИХОДИ

Останатите приходи се состојат од следново (во 000 денари):

| | 31 Декември 2022 | 31 Декември 2021 |
|---|---|---|
| Приходи од наплатени отпишани побарувања | 155 | 79 |
| Останати приходи | 30 | 62 |
| ***Вкупно останати приходи*** | **185** | **141** |

## 19. ТРОШОЦИ ЗА СУРОВИНИ И МАТЕРИЈАЛИ

Трошоците за суровини и материјали се состојат од следново (во 000 денари):

| | 31 Декември 2022 | 31 Декември 2021 |
|---|---|---|
| Потрошени материјали | 19 | 16 |
| Потрошено гориво | 5 | 16 |
| Потрошена енергија | 67 | 47 |
| Отпис на ситен инвентар | - | 2 |
| ***Вкупно трошоци за суровини и материјали*** | **91** | **81** |

## 23. ОСТАНАТИ РАСХОДИ ОД РАБОТЕЊЕ

Останатите расходи од работењето се состојат од следново (во 000 денари):

| | 31 Декември 2022 | 31 Декември 2021 |
|---|---|---|
| Расходи врз основа на директен отпис на побарувања | 123 | - |
| Загуба од продажба на материјали | 484 | - |
| Останати расходи од работењето | 3 | 3 |
| ***Вкупно останати расходи од работењето*** | **610** | **3** |

## 24. ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ

Финансиските приходи се состојат од следново (во 000 денари):

| | 31 Декември 2022 | 31 Декември 2021 |
|---|---|---|
| Останати приходи | 35 | - |
| ***Вкупно финансиски приходи*** | **35** | **-** |

## 25. ДАНОК НА ДОБИВКА

Данокот на добивка се пресметува по стапка од 10% на основица која се утврдува како разлика меѓу вкупните приходи и вкупните расходи зголемена за непризнатите расходи и намалена за износите на кои во претходните даночни периоди е платен данок и други даночни ослободувања согласно Законот за данокот на добивка.

## 26. ТРАНСАКЦИИ СО ПОВРЗАНИ СТРАНИ

Друштвото нема поврзани страни и други придружени друштва со кои остварува трансакции во своето деловно работење.

## 27. ПОТЕНЦИЈАЛНИ ОБВРСКИ И ПОБАРУВАЊА

Потенцијалните обврски се евидентираат и прикажуваат во финансиските извештаи доколку постои веројатност за идни одливи на средства кои вклучуваат економски користи и доколку постои можност за разумна проценка на износот.

*а.) Судски спорови*
Со состојба на 31 декември 2022 година, Друштвото нема судски спорови во кои се јавува како тужител или како тужена страна (2021: нема).

*б.) Банкарски гаранции*
Со состојба на 31 декември 2022 година, Друштвото нема потенцијални обврски по основ на издадени банкарски гаранции (2021: нема).

*в.) Даночни обврски*

Даночните обврски искажани во билансите не може да се сметаат за конечни, бидејќи даночната власт може да извршат преглед на деловните книги во рок од 5 до 10 години последователно по поднесената даночна пријава и можат да наметнат дополнителни даночни обврски и глоби. Дополнителните даночни обврски кои би произлегле од прегледи не можат да се утврдат од аспект на нивната веројатност и мерење.

## 28. ПОСЛЕДОВАТЕЛНИ НАСТАНИ

По 31 Декември 2022 година, односно датумот на известување, не се случиле настани од материјално значење, кои треба да се прикажат во финансиските извештаи.

ЕМБС: 07238541
Целосно име: Осигурително брокерско друштво ОНЕ БРОКЕР АД Скопје
Вид на работа: 450
Тип на годишна сметка: Годишна сметка
Тип на документ: Годишна сметка
Година : 2022

Листа на прикачени документи:
Објаснувачки белешки и други прилози

## Биланс на состојба

| Ознака за АОП | Опис | Нето за тековна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Претходна година |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | - - АКТИВА: А.НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА (002+009+020+021+031) | 340.622,00 | | | 803.540,00 |
| 2 | - - I.НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА (003+004+005+006+007+008) | 26.998,00 | | | 10.239,00 |
| 4 | - - Концесии, патенти, лиценци, заштитни знаци и слични права | 26.998,00 | | | 10.239,00 |
| 9 | - - II. МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА (010+013+014+015+016+017+018+019) | 313.624,00 | | | 793.301,00 |
| 13 | - - Постројки и опрема | 313.624,00 | | | 265.661,00 |
| 14 | - - Транспортни средства | | | | 527.640,00 |
| 36 | - - Б. ТЕКОВНИ СРЕДСТВА (037+045+052+059) | 1.361.173,00 | | | 656.587,00 |
| 45 | - - III. КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊА (046+047+048+049+050+051) | 1.088.876,00 | | | 577.564,00 |
| 47 | - - Побарувања од купувачи | 1.071.783,00 | | | 562.049,00 |
| 49 | - - Побарувања од државата по основ на даноци, придонеси, царина, акцизи и за останати давачки кон државата (претплати) | 17.093,00 | | | 15.515,00 |
| 59 | - - V. ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ (060+061) | 272.297,00 | | | 79.023,00 |
| 60 | - - Парични средства | 272.297,00 | | | 79.023,00 |
| 62 | - - VI. ПЛАТЕНИ ТРОШОЦИ ЗА ИДНИТЕ ПЕРИОДИ И ПРЕСМЕТАНИ ПРИХОДИ (АВР) | 191.418,00 | | | 191.418,00 |
| 63 | - - ВКУПНА АКТИВА: СРЕДСТВА (001+035+036+044+062) | 1.893.213,00 | | | 1.651.545,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 65 | - - ПАСИВА : А. ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ (066+067-068-069+070+071+075-076+077-078) | 237.033,00 | | | 922.159,00 |
| 66 | - - I. ОСНОВНА ГЛАВНИНА | 3.073.430,00 | | | 3.073.430,00 |
| 75 | - - VII. АКУМУЛИРАНА ДОБИВКА | 62.845,00 | | | 62.845,00 |
| 76 | - - VIII. ПРЕНЕСЕНА ЗАГУБА (-) | 2.214.116,00 | | | 1.980.586,00 |
| 78 | - - X. ЗАГУБА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА | 685.126,00 | | | 233.530,00 |
| 81 | - - Б. ОБВРСКИ (082+085+095) | 1.140.833,00 | | | 448.365,00 |
| 95 | - - IV. КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ (од 096 до 108) | 1.140.833,00 | | | 448.365,00 |
| 97 | - - Обврски спрема добавувачи | 687.768,00 | | | 446.519,00 |
| 100 | - - Обврски кон вработените | 3.065,00 | | | 1.846,00 |
| 104 | - - Обврски по заеми и кредити | 450.000,00 | | | |
| 109 | - - V. ОДЛОЖЕНО ПЛАЌАЊЕ НА ТРОШОЦИ И ПРИХОДИ ВО ИДНИТЕ ПЕРИОДИ (ПВР) | 515.347,00 | | | 281.021,00 |
| 111 | - - ВКУПНО ПАСИВА : ГЛАВНИНА, РЕЗЕРВИ И ОБВРСКИ (065+081+094+109+110) | 1.893.213,00 | | | 1.651.545,00 |

## Биланс на успех

| Ознака за АОП | Опис | Нето за тековна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Претходна година |
|---|---|---|---|---|---|
| 201 | - - I. ПРИХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО (202+203+206) | 3.911.515,00 | | | 3.124.250,00 |
| 202 | - - Приходи од продажба | 3.726.325,00 | | | 2.983.417,00 |
| 203 | - - Останати приходи | 185.190,00 | | | 140.833,00 |
| 207 | - - II. РАСХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО (208+209+210+211+212+213+218+219+220+221+222) | 4.631.653,00 | | | 3.357.780,00 |
| 208 | - - Трошоци за суровини и други материјали | 91.546,00 | | | 80.677,00 |
| 211 | - - Услуги со карактер на материјални трошоци | 379.596,00 | | | 431.205,00 |
| 212 | - - Останати трошоци од работењето | 2.217.242,00 | | | 1.462.180,00 |
| 213 | - - Трошоци за вработени (214+215+216+217) | 1.327.904,00 | | | 1.380.378,00 |
| 214 | - - Плати и надоместоци на плата (нето) | 906.393,00 | | | 900.000,00 |
| 215 | - - Трошоци за даноци на плати и надоместоци на плата | 62.060,00 | | | 66.252,00 |
| 216 | - - Придонеси од задолжително социјално осигурување | 327.981,00 | | | 375.792,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 217 | - - Останати трошоци за вработените | 31.470,00 | | | 38.334,00 |
| 218 | - - Амортизација на материјалните и нематеријалните средства | 5.326,00 | | | |
| 222 | - - Останати расходи од работењето | 610.039,00 | | | 3.340,00 |
| 223 | - - III. ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ (224+229+230+231+232+233) | 35.012,00 | | | |
| 230 | - - Приходи по основ на камати од работење со неповрзани друштва | 35.012,00 | | | |
| 247 | - - Загуба од редовното работење (204-205+207+234+245)-(201+223+244) | 685.126,00 | | | 233.530,00 |
| 251 | - - Загуба пред оданочување (247+249) или (247-248) | 685.126,00 | | | 233.530,00 |
| 256 | - - НЕТО ЗАГУБА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА (251+252-253+254) | 685.126,00 | | | 233.530,00 |
| 257 | - - Просечен број на вработени врз основа на часови на работа во пресметковниот период (во апсолутен износ) | 3,00 | | | 3,00 |
| 258 | - - Број на месеци на работење (во апсолутен износ) | 12,00 | | | 12,00 |
| 270 | - - Загуба за годината | 685.126,00 | | | 233.530,00 |
| 291 | - - Вкупна сеопфатна загуба за годината (270+287) или (270-286) или (287-269) | 685.126,00 | | | 233.530,00 |

## Државна евиденција

| Ознака за АОП | Опис | Нето за тековна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Претходна година |
|---|---|---|---|---|---|
| 605 | - - Сегашна вредност на софтвер со лиценца (< или = АОП 004 од БС) | 26.998,00 | | | 10.239,00 |
| 628 | - - Останати побарувања од нефинансиски трговски друштва во приватна и државна сопственост и јавни препријатија во земјата (< или=АОП 034+ АОП 046+ АОП 047+АОП 051+ АОП 062 ОД БС) | 191.418,00 | | | 191.418,00 |
| 634 | - - Обврски по заеми и кредити земени од нефинансиски трговски друштва во приватна и државна сопственост и јавни препријатија во земјата(< или =АОП 086+АОП 087+АОП 088+АОП 089+АОП 090+АОП 096+АОП 104+АОП 107 ОД БС) | 450.000,00 | | | |
| 655 | - - Наплатени отпишани побарувања и приходи од отпис на обврски (< или = АОП 203 од БУ) | 155.190,00 | | | 78.625,00 |
| 669 | - - Огрев, гориво и мазива (< или = АОП 208 од БУ) | 66.675,00 | | | 46.941,00 |
| 671 | - - Канцелариски материјали (< или = АОП | 15.221,00 | | | 15.862,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 208 од БУ) | | | | |
| 675 | - - Вода (< или = АОП 208 од БУ) | 7.377,00 | | | 2.197,00 |
| 676 | - - Потрошена електрична енергија (< или = АОП 208 од БУ) | 66.675,00 | | | 46.941,00 |
| 679 | - - Отпис на ситен инвентар, амбалажа и автогуми (во производство) (< или = АОП 208 од БУ) | | | | 1.274,00 |
| 682 | - - ПТТ услуги во земјата (< или = АОП 211 од БУ) | 78.427,00 | | | 78.704,00 |
| 688 | - - Наемнина за земјиште (< или = АОП 211 од БУ) | 226.694,00 | | | 329.334,00 |
| 695 | - - Регрес за годишен одмор (< или = АОП 217 од БУ) | 31.470,00 | | | 38.334,00 |
| 709 | - - Репрезентација (< или = АОП 212 од БУ) | 54.277,00 | | | 15.725,00 |
| 711 | - - Надомест за банкарски услуги (< или = АОП 212 од БУ) | 52.569,00 | | | 36.401,00 |
| 717 | - - Останати трошоци на работењето (< или = АОП 212 од БУ) | 2.110.396,00 | | | 1.410.054,00 |
| 722 | - - Просечен број на вработени врз основа на состојбата на крајот на месецот | 3,00 | | | 3,00 |
| 723 | - - Просечен број на вработени во седиштето на субјектот врз основа на состојбата на крајот на месецот | 3,00 | | | 3,00 |

## Структура на приходи по дејности

| Ознака за АОП | Опис | Нето за тековна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Претходна година |
|---|---|---|---|---|---|
| 2487 | - 66.22 - Дејности на застапници во осигурување и осигурителни посредници | 3.946.527,00 | | | |

**Потпишано од:**

Hristina Pachemska

CN=KIBSTrust Issuing Qsig CA G2, OID.2.5.4.97=NTRMK-5529581, OU=KIBSTrust Services, O=KIBS AD Skopje, C=MK
KIBSTrust Issuing Qsig CA G2

Изјавувам, под морална, материјална и кривична одговорност, дека податоците во годишната сметка се точни и вистинити.

Податоците од годишната сметка се во постапка на доставување, која ќе заврши со одлука (одобрување/одбивање) од страна на Централниот Регистар.

Осигурително брокерско друштво
ОНЕ БРОКЕР АД
Бр. 380/0305-1
31.05 202 3 год.
СКОПЈЕ

BROKER

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОНЕ БРОКЕР А.Д.СКОПЈЕ

## за 2022 година

Скопје, 2023

СОДРЖИНА

1. Основни податоци за друштвото

2. Осигурителниот пазар во РМ

3. Остварена бруто премија

4. Финансиски податоци

5. Структура на вработени

## 1. Основни податоци за друштвото

Акционерско друштво ОНЕ БРОКЕР АД Скопје е основано на **10.10.2017** година, на адреса на ул. Франклин Рузвелт бр 35/1, 1000 Скопје како осигурително брокерско друштво со лиценца за работа на територијата на Република Македонија, со решение бр. 19-1-258 издадено од Агенција за Супервизија на Осигурување.

Друштвото е основано со капитал од две физички лица – акционери со вкупна основна главнина од 50.000 ЕУР, поделена на 500 обични акции, по 250 обични акции по акционер.. Во Централниот депозитар за хартии од вредност се запишани двајцата основачи, акционери на друштвото.

Главна приходна шифра на друштвото е 66.22, односно Дејности на застапници во осигурување и осигурителни посредници.

Годишниот извештај за работењето на ОНЕ БРОКЕР АД Скопје е изготвен во согласност со Законот за трговски друштва и правилникот за водење на сметководство.

Структурата на вработените во друштвото се состои од вкупно четири лица. Дозвола за работа како лиценциран брокер издадена од Агенцијата за супервизија во осигурување, имаат две лица.

## 2. Осигурителниот пазар во РМ

Согласно последните извештаи издадени од Агенцијата за супервизија на осигурување, заклучно со 31.12.2022 година, на пазарот за осигурување во Република Македонија функционираат шестнаесет друштва за осигурување, и тоа единаесет работата во делот на неживотно осигурување, а пет осигурување на живот. Исто така пазарот е покриен и со четириесет и едно осигурително брокерско друштво, десет друштва за застапување во осигурувањето како и седум банки кои вршат работи на застапување во осигурувањето (НЛБ банка, Халк банка, Шпаркасе банка, Стопанска банка АД Скопје, Комерцијална банка, УНИ банка и ТТК банка АД Скопје).

Согласно расположливите податоци од Агенцијата за Супервизија заклучно со 31.12.2022 година, во делот за неживотно осигурување Бруто полисираната премија изнесува 82,1% од вкупната Бруто полисирана премија на осигурителниот сектор. Додека кај осигурувањето на живот остварена Бруто полисирана премија учествува со 17,81% во вкупната Бруто полисирана премија на осигурителниот сектор.

## 3. Остварена бруто премија

Друштвото во 2022 година оствари бруто премија во износ од 15.122.024 илјади денари. Во продолжение е прикажана продажбата по класи:

| | класа | 31.12.2022 | 31.12.2021 |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| Осигурување од незгода | 01 | 1.977,27 | 1.696,97 |
| Здравствено осигурување | 02 | 2.759,55 | 693,65 |
| Осигурување на патнички возила – каско | 03 | 3.414,59 | 2.497,99 |
| Осигурување на пловни објекти (каско) | 06 | 43,05 | - |
| Осигурување на стока во превоз (карго) | 07 | - | 73,92 |
| Осигурување на имот од пожар и природни непогоди | 08 | 566,99 | 770,60 |
| Други осигурувања на имоти | 09 | 841,90 | 892,66 |
| Осигурување од автомобилска одговорност | 10 | 4.823,06 | 3.577,36 |
| Осигурување од одговорност употреба на пловни објекти | 12 | 19,28 | - |
| Останати осигурувања од одговорност | 13 | 239,96 | 146,22 |
| Осигурување на туристички услуги | 18 | 421,02 | 229,09 |
| Осигурување на живот | 19 | 15,35 | 1.138,24 |
| **Вкупно:** | | **15.122,02** | **11.716,70** |

## 4. Финансиски податоци

Приходите од продажба на друштвото за деловната 2022 година изнесуваат 3.911.515 илјади денари. Во продолжение е билансот на успех за извештајниот период за 2022 и 2021 година:

| | 31.12.2022 | 31.12.2021 |
|---|---|---|
| **Приходи од работењето** | **3.911.515** | **3.124.250** |
| Приходи од продажба | 3.726.325 | 2.983.417 |
| Останати приходи | 185190 | 140.833 |
| **Расходи од работењето** | **4.631.653** | **3.357.780** |
| Трошоци за суровини и други материјали | 91.546 | 80.677 |
| Услуги со карактер на метаријални трошоци | 379.596 | 431.205 |
| Останати трошоци од работењето | 2.217.242 | 1.462.180 |
| Трошоци за вработени | 1.327.904 | 1.380.378 |
| Амортизација на материјални и нематеријални средства | 5.326 | - |
| Резервирања за трошоци и ризици | | - |
| Останати расходи од работењето | 610.039 | 3.340 |
| **Финансиски приходи** | 35.012 | - |
| Приходи по основ на камати | 35.012 | - |
| Останати финансиски приходи | | - |

ОНЕ БРОКЕР АД Скопје АД Скопје во деловната 2022 година оствари нето **загуба од** работењето во износ од 685.126 илјади денари.

| | 31.12.2022 | 31.12.2021 |
|---|---|---|
| Загуба од редовното работење | 685.126 | 233.530 |
| Нето загуба за деловната година | 685.126 | **233.530** |

5. Структура на вработени

| Број на вработени | 31.12.2022 | 31.12.2021 |
|---|---|---|
| Лиценцирани брокери | 2 | 3 |
| Администрација | 1 | - |
| Извршен директор | 1 | - |
| **Вкупно** | **4** | **3** |
| Определено време | / | - |
| Неопределено време | 4 | 3 |
| Вкупно | **4** | **3** |

Извршен Директор

Иван Стевков